**МИНИСТЕРОТ ЗА КУЛТУРА, ДИМИТАР ДИМИТРОВ СООПШТИЛ ДЕКА ДЕФИНИТИВНО НЕМА ДА УЧЕСТВУВАМЕ НА НАЈПРЕСТИЖНАТА ЛИКОВНА МАНИФЕСТАЦИЈА ВО ВЕНЕЦИЈА**

# КОЈ И ДА Е ВИНОВЕН, МАКЕДОНИЈА НЕ ОДИ НА БИЕНАЛЕ!

*● ДИМИТРОВ ОТКАЖУВАЊЕТО ГО ПРАВДА СО НИЗА ОКОЛНОСТИ И ШАНСАТА ЗА УЧЕСТВО ЈА ГЛЕДА ПО ДВЕ ГОДИНИ, ВО МИР! – ДРАГАН БОШНАКОСКИ ГО ОБВИНУВА МСУ ЗА ОБИДОТ ЗА УЧЕСТВО НА БИЕНАЛЕТО, А НЕГОВИОТ ДИРЕКТОР ЗОРАН ПЕТРОВСКИ СМЕТА ДЕКА НИВНИОТ КОНТАКТ СО СЕЛЕКТОРОТ НА БИЕНАЛЕТО НЕ БИ МУ НАШТЕТИЛ НА НАЦИОНАЛНИОТ ПРЕТСТАВНИК*

Како што „Вечер“ веќе објави, Македонија дефинитивно нема да учествува на годинашново 48. по ред Венецијанско биенале, денес најстарата (постои веќе 104 години) најпрестижна светска ликовна манифестација.

Проектот на Петар Хаџи Бошков со целосен наслов „Шлем – уметноста како заштита“ кој требаше да патува како македонски претставник во Венеција, нема да биде реализиран поради низа околности, а Македонија ќе чека нова шанса, во мир, по две години – стои во дописот што до Уметничката галерија во Скопје како институција – носител на проектот вчера го испратил министерот за култура Димитар Димитров. Ова писмо е испратено до селекторот на Биеналето, уште во петокот, а македонската „екипа“ го добило дури сега. Воопшто, (не)учеството на Венецијанското биенале за сето ова време било табу тема и за кураторот на проектот Сузана Милевска, авторот и комисијата која го селектирала проектот како најдобар на отворениот конкурс?

За Драган Бошнаковски, досегашен директор на Уметничката галерија каде, вчера, во присуство и на Сузана Милевска и петар Хаџи Бошков, се одржа прес конференција по овој повод, прескапата цена на проектот на Хаџи Бошков од 200.000 марки е можна, но не и пресудна за нашето неучество во Венеција. За Бошнаковски вистински виновник е Музејот на современа уметност кој преку свои канали сакал да обезбеди учество на Биеналето и да го минира националниот претставник на оваа манифестација, скулпторот Хаџи Бошков. Или, како што се изрази, вчера, Бошнаковски: синдромот на самоуништувањето присутен во ликовната фела повторно станал пресуден како и пред четири години кога Македонија не учествувала во Венеција. Затоа, според Бошнаковски, не и ни чудо што ликовната уметност годинава е ставена на најниско скалило во однос на другите културни дејности – со годишна буџетска стапка од 30 милиони денари. Или уште еден поконкретен пример еден македонски филм чини колку десет уметнички активности, посочи Бошнаковски.

Фрлената ракавица на досегашниот директор на уметничката галерија, вчера ја прифати директорот на „обвинетиот“ во овој случај Музејот на современа уметност, Зоран Петровски. Тој објасни, а го надополни и Борис Петковски дека: Музејот се допишувал со главниот селектор на Биеналето, Харалд Симан, тој да дојде во Македонија и сам да покани наш уметник кој би излагал во просторот на „Арсеналите“, што како можност го допушта и самата концепција на манифестацијата, што не се случило, па поради тоа и нема потреба од тревога и барање на „дежурни“ виновници за годинашното неучество на најголемата светска ликовна манифестација! Со овој обид, според Петровски, МСУ не би му наштетил на националниот претставник на Биеналето и неговото евентуално учество на оваа манифестација.

Кураторот Сузана Милевска, пласирајќи ги информациите за проектот вчера мошне илустративно ја претстави целата атмсофера околу нашето (не)учество во Венеција: „Колку што очекувате од нас информации, толку и ние од вас (новинарите, н.з.) ги очекуваме“!

Л. Сабит

**ВО САЛОНОТ 19,19**

## ВЕЧЕР СО ПИЈАНО ТРИО

*Во Салонот 19.19 во Скопје вечерва концерт ќе одржи Пијано триото при ФМУ. Триото го сочинуваат Весна Ангеловска – пијано, Ва-*

**КОНЦЕРТИ**

# ПРЕМИЕРНИ ИЗВЕДБИ

*(ЗА ФИНАЛНИОТ КОНЦЕРТ НА МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА НА „ДЕНОВИТЕ НА МАКЕДОНСКАТА МУЗИКА „СО ПРЕМИЕРНИ ИЗВЕДБИ НА ДЕЛА ОД НИКОЛОВСКИ, ПРОШЕВ И АВРАМОВСКИ, ДИРИГЕНТ ЛЕОНИД НИКОЛАЕВ)*

Во четвртокот во салата на Домот на АРМ во терминот резервиран за Македонската филхармонија беше презентиран финалниот концерт од 22-те по ред „Деновите на Маке-

...лови карактеристични за музиката на 20 век. Солистот Васил Атанасов преку својата интерпретација на оваа композиција автентично го пренесе примарниот тематски амбиент јасно определен од страна на композиторот.

Во Симфонијата број 8 (Исусова) од Ристо Аврамовски со која се заокружи концертот и 22-рите по ред „Денови на“... преовладу-